| 402310 | Основни продонеси до Агенцијата за вработување | | 219.000 | 6.000 | 0 | 213.000 | 0 | 0 | 219.000 |
| **404** | **Надоместоци** | | **15.000** | **13.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **13.000** |
| 404110 | Надомест за годишен одмор | | 15.000 | 13.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 13.000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | | **3.761.139** | **2.395.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | 2.395.000 |

# БИЛАНС НА РАСХОДИ ПО ПОТПРОГРАМИ

| Потпрограм / Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Завршна сметка | Предходен буџет | БУЏЕТ: Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Зкупни расходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1.475.662.752 | 734.351.849 | 95.677.000 | 655.147.894 | 24.373.400 | 109.118.168 | 1.618.668.311 |
| **420** | **Патни и дневни расходи** | | **66.900** | **5.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **5.000** |
| 420110 | Патување во земјата - хранарина (дневница) | | 46.900 | 5.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.000 |
| 420210 | Патување во странство - хранарина (дневница) | | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **421** | **Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | | **1.601.980** | **1.450.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.450.000** |
| 421110 | Електрична енергија | | 450.000 | 450.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 450.000 |
| 421130 | Ѓубретарина | | 50.000 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| 421220 | Дрва | | 250.000 | 250.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 250.000 |
| 421320 | Телефон и телефакс | | 100.000 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| 421410 | Горива и масла (моторни возила) | | 600.000 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 |
| 421420 | Регистрација на моторни возила | | 120.000 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| 421440 | Транспорт на луѓе | | 31.980 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **423** | **Материјали и ситен инвентар** | | **705.219** | **350.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **350.000** |
| 423310 | Униформи | | 55.219 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423830 | Резервни делови | | 600.000 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 |
| 423910 | Други материјали за специјална намена | | 50.000 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| **424** | **Поправки и тековно одржување** | | **450.000** | **420.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **420.000** |
| 424190 | Поправки на други возила | | 300.000 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 |
| 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | | 150.000 | 120.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 120.000 |
| **425** | **Договорни услуги** | | **280.000** | **150.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **150.000** |
| 425230 | Осигурување на вработени (несреќи, живот) | | 130.000 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| 425260 | Осигурување на моторни возила | | 90.000 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| 425490 | Други здравствени услуги | | 60.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **426** | **Други тековни расходи** | | **57.040** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 426210 | Расходи за репрезентација | | 57.040 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **427** | **Привремени вработувања** | | **600.000** | **20.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **20.000** |
| 427110 | Привремени вработувања | | 600.000 | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20.000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | | **184.519** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | 0 |
| **464** | **Разни трансфери** | | **184.519** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 464990 | Други трансфери | | 184.519 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **100.000** | **50.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | 50.000 |
| **480** | **Купување на опрема и машини** | | **100.000** | **50.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **50.000** |
| 480190 | Купување на друга опрема | | 100.000 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |

**Член 4**

Буџетот на Општината за 2016 година влегува во сила со денот на објавување во " Службен гласник на Општината", а ќе се применува од 1 јануари 2016 година.

Бр.09-520/3
28.12.2015 год.

Претседател на Советот
на Општина Битола
д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Битола за 2016 година

1. Ја објавувам Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Битола за 2016 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 28.12.2015 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-1572/2
30.12.2015 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 36 став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" број 5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 61/2004 96/2004 и 156/09), и член 22 и 70 од Статутот на Општината Битола ("Службен гласник на Општината Битола" број 10/2005), Советот на Општината Битола на 45-та седницата одржана на ден 28.12.2015 година, донесе

## О Д Л У К А
## за извршување на Буџетот на Општината Битола за 2016 година

### Член 1

Буџетот на Општината Битола за 2016 година, (во понатамошниот текст-Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

### Член 2

Буџетот на Општината се состои од: Основен Буџет (општ, посебен и развоен дел); Буџет на самофинансирачки активности; Буџет на донации, Буџет на дотации и Буџет на кредити.

### Член 3

Извршувањето на Буџетот опфаќа наплата и евидентирање на приходи и други приливи во согласност со Закон и Планот на приходите, како и извршување на плаќања во согласност со одобрени средства.

### Член 4

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално, економично како и ефективно и ефикасно да ги исполнат целите на Буџетската Програма преку транспарентни процедури.

### Член 5

Расходите утврдени со Буџетот се максимални износи над кои локалните јавни установи не можат да превземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на Општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи од сразмерен износ.

### Член 6

Градоначалникот на Општината ја следи реализацијата на Планот на приходите и другите приливи на основниот Буџет на Општината.

Доколку во текот на годината има отстапување во приходниот и расходниот дел, Градоначалникот предлага да се изврши измена и дополнување на Буџетот.

### Член 7

Пренамената во рамките на одобрените Буџети на Општината и локалните јавни установи ја одобрува Советот на Општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на Општината и локалната јавна установа, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрено одобрување од Советот на Општината и тоа во висина до 20%, а одобрените средства за плати и надоместоци на

ниво на ставки во рамките на буџет не можат со прераспределба да се зголемат повеќе од 10%.

Проширувањето во рамките на одобрените Буџети на Општината и локалните јавни установи ја одобрува Советот на Општината и можи да се врши на сите сметки освен на основниот буџет.

**Член 8**

Локалните јавни установи во услови кога во Буџетот на самофинансирачки активности; буџетот на донации и/или буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на Општината на одобрување.

**Член 9**

Локалните јавни установи по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал локалната јавна установа го извршува врз основа на Финансиски план по месеци.

**Член 10**

Општинските локални јавни установи во рок од 15 дена по истекот на месецот за кој се однесува, до Градоначалникот доставуваат писмени месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови и квартални извештаи по истекот на кварталот.

**Член 11**

Градоначалникот доставува до Советот на Општината писмени квартални извештаи со образложение за извршување на Буџетот во рок од 1 (еден) месец по завршување на кварталот.

**Член 12**

Месечниот надоместок на членовите на Советот на Општината Битола за присуство на седниците на Советот изнесува 70 % од просечната месечна плата во Републиката, исплатена за претходната година.

На Претседателот на Советот за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок зголемен за 30 % од утврдениот надоместок од став 1 на овој член.

Месечниот надоместок за присуство на седница на Совет не се исплатува доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец. Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 13**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот, односно нето платите се утврдуваат:

– за избраните и именуваните лица нето појдовната основа изнесува 26.755,00 денари,согласно одредбите од Законот за именување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија (Службен весник на Р.М. бр 97/10).
– За вработените во општинската администрација:
– За останатите вработени во Општинската администрација кои земаат плата по УНР нето основата изнесува 5.417,88 ден,
– За вработените во Противпожарната единица вредноста на бодот е 30.597,00 ден.

**Член 14**

На вработените во Општинската администрација им се исплатува надоместок за регрес за годишен одмор во висина од 60% од просечната месечна нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

На вработените во Општинската администрација може да им се исплатува парична награда во висина од една последно исплатена нето месечна плата за вонредно залагање при спроведување на

работните задачи, постигнати исклучително резултати, со кои придонел за порационално, поефикасно, и поквалитетно работење на Општината.

„Правниот основ согласно кој се врши исплата на парични награди на вработените на општинската администрација е членот 50 од Законот за локална самоуправа ( Службен весник на Р.М. бр 05/02), член 61 од Законот за државни службеници (Службен весник на 59/2000; 112/2000; 34/2001; 103/2001; 43/2002; 98/2002; 17/2003; 40/2003; 85/2003; 17/2004; 69/2004; 81/2005; 61/2006; 36/2007; 161/2008; 6/2009; 114/2009; 35/2010; 167/2010; 36/2011; 06/2012; 24/2012, и 15/2013), членот 4 од Правилникот за поблиски критериуми за доделување парична награда на државните службеници (Службен весник на Р.М. 58/11), и членот 3 став 3 од Одлуката за утврдување поблиски критериуми за доделување парична награда на вработените во општинската администрација кој не се државни службеници (Службен гласник на Општина Битола бр. 02/10).

**Член 15**

Надоместокот за дневница за службено патување во Републиката изнесува 800,00 денари.

Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница.

За патување во траење од 8 до 12 часа се исплатува 50% од утврдениот износ во ставот 1 од овој член.

**Член 16**

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита од елементарни непогоди и други случаи, на вработениот во Општината и локалните јавни установи му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

**Член 17**

Во случај на смрт на вработениот во општината и локалната јавна установа, на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од две последни исплатени просечни месечни плати во органот каде што бил вработен работникот, но не повеќе од 30.000,00 денари.

На вработениот во општината и локалната јавна установа, во случај на смрт на член на потесно семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување) доколку живеел во заедница, му припаѓа парична помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен, но не повеќе од 15.000,00 денари по семејство.

Живеењето во заедница подразбира вработениот во општината и локалната јавна установа и членот на потесното семејство да се со место на живеење на иста адреса што се докажува со документ за идентификација. Сите исплати на предните надоместоци се вршат врз основа на претходна оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на Градоначалникот на општината.

Средствата за овие намени се планираат во буџетот на општината во потпрограмата ДО Градоначалник ставка 464 - Разни трансфери.

**Член 18**

Отпремнината при заминување во пензија на вработениот во општината и локалната јавна установа е во висина на двократен износ од платата исплатена во Републиката за соодветниот месец во кој работникот заминува во пензија.

Средствата за оваа намена се планираат во ставката 464940 - Трансфери при пензионирање во потпрограмата ДО - Градоначалник.

**Член 19**

Користењето на средствата од Буџетот на Општината за вршење на функциите на локалните јавни установи се набавуваат со фактури во кои посебно се искажани расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршење на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите неможе да се

издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во висина од 6.000,00 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 20**

Буџетот на Општината може да планира Буџетска резерва за финансирање на непланирани расходи, од Буџетот.

За средствата утврдени во Буџетот на Општината како буџетска резерва, одлучува Советот на Општината, а ги извршува Градоначалникот. За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите до Советот.

**Член 21**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на Општината.

**Член 22**

„Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на општината. Градоначалникот дава писмено известување за обезбедените средства.

Локалните јавни установи од областа на културата, образованието, и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации можат да вработуваат нови работници доколку се обезбедени средства во Буџетот на Република Македонија за што писмено известување дава Министерството за Финансии, врз основа на барање од градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација“.

**Член 23**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќаат првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно или на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случај каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 24**

Буџетот на Општината Битола се извршува од 01.01.2016 до 31.12.2016 година.

**Член 25**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во “Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.09-520/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.12.2015 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Буџетскиот календар за 2016 година

1. Го објавувам Буџетскиот календар за 2016 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 28.12.2015 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1572/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
30.12.2015 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

*БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР ЗА 2016 година*

| МОЖЕН ДАТУМ | БУЏЕТСКИ АКТИВНОСТИ - ОДГОВОРНОСТ |
|---|---|
| декември / февруари - март | Советот на Општината го донесува буџетскиот календар |
| април | Министерот за финансии доставува до Владата на Република Македонија Фискална стратегија на РМ за наредните три години |
| април | Советот на Општината разгледува развојни документи, вклучително и фискална стратегија |
| септември | Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со образложение за потребните средства до општинските буџетски корисници |
| октомври | Општинските буџетски корисници ги доставуваат предлог-пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции |
| октомври | Одделот за буџет врши преговарање и анализирање на доставените предлог-пресметки и ги одредува приоритетите и одредбите за новиот Предлог-буџет |
| октомври | Разгледување на нови барања и предлози по кои одлучува и дава насоки Градоначалникот |
| 15 октомври | Министерот за финансии доставува буџетски циркулар со насоки за изготвување на Предлог-буџетот за наредната година |
| ноември | Градоначалникот го разгледува и одобрува Предлог-буџетот подготвен од страна на финансискиот оддел на општината |
| декември | До Советот се доставува конечен Предлог-буџет од страна на Градоначалникот |
| декември | Се води расправа во телата на Советот на Општината |
| крај на декември | Седница на Советот на Општината за донесување на Буџетот за наредната буџетска година |
| јануари | Започнува новата буџетска година |

Бр 09-520/5
28.12.2015
Битола

Претседател
на Советот на Општина Битола
д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2016 година

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2016 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 28.12.2015 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1572/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
30.12.2015 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15 и 154/15), Советот на општина Битола, на 45-тата седница одржана на 28.12.2015 година, донесе

## ОДЛУКА
## за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2016 година

**Член 1**

Вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2016 година изнесува 76,8 денари.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Битола“, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2016 година.

Бр.09-520/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.12.2015 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Ценовникот за изведување на градежни и монтажни работи, изготвен по Програмата на Општина Битола

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Ценовникот за изведување на градежни и монтажни работи, изготвен по Програмата на Општина Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 28.12.2015 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1572/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
30.12.2015 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/96...61/15), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.12.2015 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Ценовникот за изведување на градежни и монтажни работи, Изготвен по Програмата на Општина Битола

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за измена и дополнување на Ценовникот за изведување на градежни и монтажни работи, изготвен по Програмата на

Општина Битола, бр. 02-682/9 од 11.12.2015 година, донесена од Управниот одбор на ЈКП „Водовод“.

2. Решението влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.09-520/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.12.2015 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување Извештајот за работата на Советот на Општината Битола за 2015 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Извештајот за работата на Советот на Општината Битола за 2015 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 28.12.2015 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1572/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
30.12.2015 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05“ ), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.12.2015 год., донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување Извештајот за работата на Советот на Општината Битола за 2015 година

1. Се усвојува Извештајот за работата на Советот на Општината Битола за 2015 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-520/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.12.2015 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за работа на Советот на Општината Битола за 2016 година

1. Ја објавувам Програмата за работа на Советот на Општината Битола за 2016 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 28.12.2015 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1572/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
30.12.2015 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), и член 141 од Деловникот на Советот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 15/05), Советот на Општината Битола, на седницата одржана на 28.12.2015 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за работа на Советот на Општината Битола за 2016 година

### ВОВЕДЕН ДЕЛ

Основа за донесување на Програмата за работа на Советот на Општината Битола за 2016 година е Законот за локалната

самоуправа, Статутот и Деловникот на Советот, во кои акти се утврдени надлежностите на единиците на локалната самоуправа.

Советот на Општината Битола програмирајќи ја својата работа, за 2016 година, има за цел да обезбеди услови за остварување на надлежностите и извршување на своите функции, како и обезбедување и создавање услови за слободен пристап на сите заинтересирани субјекти во нејзината реализација.

Со програмата за работа за 2016 година Советот на Општината Битола сака на транспарентен начин да ги презентира основните насоки по кои ќе се раководи во текот на 2016 година.

Програмата во текот на целата година ќе биде отворена за секој нов предлог и истиот ќе биде добродојден, ако тоа значи збогатување и подобрување на нејзиниот квалитетот.

## ПОСЕБЕН ДЕЛ

### ЈАНУАРИ-ФЕВРУАРИ-МАРТ – I КВАРТАЛ

**- Програма за одбележување на позначајни историски настани за 2016 година од страна на Општината Битола**.
ИЗРАБОТУВА И ПРЕДЛАГА
Комисија за подигање спомен обележја
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Завршна сметка за финансиското работа на Зоолошката градина – Битола за 2015 година.**

**- Извештај за работата на Зоолошката градина – Битола за 2015 година**
ИЗРАБОТУВА: Зоолошка градина Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Завршна сметка за финансиското работење на Старски дом „Сју Рајдер“ – Битола за 2015 година.**

**- Извештај за работата на Старски дом „Сју Рајдер“– Битола за 2015 година**
ИЗРАБОТУВА: Старски дом „Сју Рајдер“ - Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за работата на територијалната противпожарна единица на Битола за 2015 година**

**- Програма за работа на територијалната противпожарна единица – Битола за 2016 година**
ИЗРАБОТУВА: ТППЕ – Битола
РАЗГЕЛДЕУВА: Комисија за безбедност
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Завршна сметка на Буџетот на Општината Битола за 2015 година**
ИЗРАБОТУВА: Одделение за буџетска кординација РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за финансии и буџет и
Комисија за вршење надзор врз материјално- финансиско работење
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Завршна сметка за финансиското работење на ЈП „Комуналец” во 2015 година**
ИЗРАБОТУВА: ЈП „Комуналец” Битола.
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности
Комисија за финансии и буџет
Комисија за вршење надзор врз материјално- финансиско работење
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за работата на ЈП „Комуналец” Битола во 2015 година**

**- Извештај за финансиска програма за јавна чистота за 2015 година**

**- Извештај за финансова програма за јавните зелени површини за 2015 година**
ИЗРАБОТУВА: ЈП „Комуналец” Битола.
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности.
Комисија за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Завршна сметка за финансиското работење на ЈП „Нискоградба” во 2015 година**
ИЗРАБОТУВА: ЈП „Нискоградба” Битола.
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности
Комисија за финансии и буџет
Комисија за вршење надзор врз материјално- финансиско работење
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за работата на ЈП „Нискоградба” во 2015 година**
ИЗРАБОТУВА: ЈП „Нискоградба” Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности
Комисија за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Завршна сметка за финансиското работење на ЈП „Пазари” во 2015 година**
ИЗРАБОТУВА: ЈП „Пазари” Битола.
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности
Комисија за финансии и буџет
Комисија за вршење надзор врз материјално- финансиско работење
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за работата на ЈП „Пазари” за 2015 година**
ИЗРАБОТУВА: ЈП „Пазари” Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности
Комисија за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на општината Битола

**- Завршна сметка за финансиското работење на ЈКП „Водовод” во 2015 година**
ИЗРАБОТУВА: ЈКП „Водовод” Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности
Комисија за финансии и буџет
Комисија за вршење надзор врз материјално-финансиско работење
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за работата на ЈКП „Водовод” за 2015 година**
ИЗРАБОТУВА: ЈКП „Водовод” Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности
Комисија за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Завршна сметка за финансиското работење на ЈП за стопанисување со Индустриската зона „Жабени” во 2015 година**
ИЗРАБОТУВА: ЈП за стопанисување со Индустриската зона „Жабени” Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности
Комисија за финансии и буџет
Комисија за вршење надзор врз материјално- финансиско работење
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за работата на ЈП за стопанисување со Индустриската зона „Жабени” за 2015 година**
ИЗРАБОТУВА: ЈП за стопанисување со Индустриската зона „Жабени” Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности
Комисија за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Завршна сметка за финансиското работење на ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг во 2015 година**
ИЗРАБОТУВА: ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за урбанизам
Комисија за финансии и буџет
Комисија за вршење надзор врз материјално-финансиско работење
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за работата на ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг во 2015 година**
ИЗРАБОТУВА: ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за урбанизам
Комисија за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежното земјиште во 2015 година**

**- Извештај за реализација на Програмата за одржување, инсталации на локална патна мрежа и улици во Општината Битола за 2015 година**
ИЗРАБОТУВА: Одделение за јавни и комунални дејности при Општината Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни комунални дејности
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за реализација на Програмата за користење и одржување на уличното осветлување за 2015 год.**
ИЗРАБОТУВА: Одделение за јавни и комунални дејности при Општината Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на Општината Битола за 2015 година**
ИЗРАБОТУВА Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за урбанизам и заштита на човековата средина
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за реализација на Програма за управување со отпад на подрачјето на Општината Битола за 2015 год.**
ИЗРАБОТУВА Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за урбанизам и заштита на човековата средина
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за реализација на Програма за заштита на животната средина на подрачјето на Општината Битола за 2015 год.**
ИЗРАБОТУВА Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за урбанизам и заштита на животна средина
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за реализација на Програма на Општинта Битола за финансирање на културата во 2015 год.**
ИЗРАБОТУВА: Сектор за јавни дејности
РАЗГЕЛДУВА: Комисија за Јавни дејности
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за реализација на Програма за активностите во областа на спортот на подрачјето на Општината Битола за 2015 год.**
ИЗРАБОТУВА: Сектор за јавни дејности
РАЗГЕЛДУВА: Комисија за спорт и млади
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за реализација на Програмата за работа на Одделението за економски развој за 2015 год.**
ИЗРАБОТУВА: Одделение за економски развој
РАЗГЕЛДУВА: Комисија за економски развој
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Информација за состојбата и движењето на заразни болести во Општина Битола**

**- Информација за активностите и состојбата на ХИВ/СИДА во Општина Битола**

**- Информација за опфат на имунизација во Општина Битола**

**- Информација за контрола на интрахоспитални инфекции**

**- Информација за мерките и активностите кои се превземаат за спречување на појавата и ширењето на бруцелоза кај населението во Општина Битола**

**- Оперативен план и Програма за спроведување на превентивна систематска дератизација на канализациониот систем и јавната депонија-Мегленци и диви депонии на Општина Битола во 2016 година.**

**- Оперативен план и Програма за контрола и уништување на комарците на територија општина Битола за 2016 година.**
ИЗРАБОТУВА: Центар за Јавно здравство-Одделение за епидемиологија Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Квартален извештај за извршувањето на буџетот на Општината Битола за првиот квартал 2016 година**
ИЗРАБОТУВА: Одделение за Буџетска кординација
ПРЕДЛАГА: Градоначалникот на Општината
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Основни училишта на подрачјето на Општината Битола**
Завршна сметка за 2015 година
ПРЕДЛАГА: Основните – училишта
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни дејности и Комисијата за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Средни училишта на подрачјето на Општината Битола**
Завршна сметка за 2015 година
ПРЕДЛАГА: Средните – училишта
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни дејности и Комисијата за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- ОЈУ Отворен граѓански универзитет за доживотно учење „Крсте Мисирков“ Битола**
Завршна сметка за 2015 година
ПРЕДЛАГА: ОЈУ Отворен граѓански универзитет за доживотно учење „Крсте Мисирков“ Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни дејности и Комисијата за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- ЈОУ Детска градинка “Естреја Овадија Мара“ – Битола**
Завршна сметка за 2015 година
ПРЕДЛАГА: Детски градинки
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни дејности и Комисија за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- ЈОУ Детска градина “Мајски цвет“ – Битола**
Завршна сметка за 2015 година
ПРЕДЛАГА: Детски градинки
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни дејности и Комисија за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Информација за состојбата со кардиоваскуларните заболувања на подрачјето на општина Битола за 2015 година**
**- Информација за состојбата со шеќерната болест на подрачјето на општина Битола за 2015 година**
**- Информација за состојбата со малигните заболувања на подрачјето на општина Битола за 2015 година**
**- Информација за состојбата со болестите на зависност на подрачјето на општина Битола за 2015 година**
**- Информација за состојбата со здравствената состојба и здравствената заштита на подрачјето на општина Битола за 2015 година**
ИЗРАБОТУВА: Центар за јавно здравје-Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за заштита на човековата средина
УСВОЈУВА: Советот на општината Битола

**- Информација за работењето на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион за 2015 година**
ИЗРАБОТУВА: Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за локален економски развој
УСВОЈУВА: Советот на општината Битола

**<u>АПРИЛ-МАЈ-ЈУНИ – II КВАРТАЛ</u>**

**- Квартален извештај за извршувањето на буџетот на Општината Битола за вториот квартал 2016 година**
ИЗРАБОТУВА: Одделение за буџетска координација
ПРЕДЛАГА: Градоначалникот на Општината
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Информација за активности на Сојузот на училишен спорт при Општината Битола во 2015 година**
ИЗРАБОТУВА: Сојуз на училишни спортови Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за спорт и млади
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Информација за безбедност на водата за пиење што ја користи населението од подрачјето на Општината Битола за 2015 година;**

**- Информација за здравствено еколошкиот ризик од загадувањето на Акумулацијата Стрежево за 2015 год.;**

**- Информација од ризикот на комуналната бучава врз здравјето на населението во Битола за 2015 година;**

**- Информација за ризикот од исхраната и ухранетоста на предучилишни и училишни деца за 2015 год.;**

ИЗРАБОТУВА: Центар за Јавно здравство – одделение по хигена и Здравствена екологија
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за заштита на човековата средина
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Информација за состојбите, развојот и унапредувањето на доброволното крводарителство заради задоволување на потребите од крв во Општината Битола во 2015 година**

ИЗРАБОТУВА: Клиничка болница „Др.Трифун Пановски“ – Одделение за трансфузиологија – Битола и Црвен крст - Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за јавни дејности
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Информација за работите што се однесуваат на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот и патиштата за првите шест месеци на 2016 година**

ИЗРАБОТУВА: Командир на полициска станица Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за безбедност
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Информација за состојбата на шумските површини и опасностите од пожари во истите и материјално техничката подготвеност на субјектите**

ИЗРАБОТУВА: ТППЕ, Национален парк „Пелистер“, ЈП „Македонски шуми“ Подружница Битола (Кајмакчалан), ЈП „Комуналец“ - Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за безбедност
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Информација за социјалната заштита на лицата кои се наоѓаат во социјален ризик**

**- Информација за работата на Дневниот центар за лица со посебни потреби**

ИЗРАБОТУВА: Центарот за социјални работи – Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за еднакви можности меѓу жените и мажите
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Информација за остварување на противпожарната заштита во Општината Битола**

ИЗРАБОТУВА: ТППЕ - Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за безбедност
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за реализација на Програма за одржување улиците во зимски услови во Општината Битола за 2015/16 година**

ИЗРАБОТУВА: Одделение за јавни и комунални дејности при Општината Битола
РАЗГЛЕДУВА Комисија за јавни и комунални дејности
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**ЈУЛИ – АВГУСТ – СЕПТЕМВРИ - III КВАРТАЛ**

**- Основни училишта на подрачјето на Општината Битола**

Извештај за работата за 2015/2016 год.
Програма за работа за 2016/2017 год.

**- Средни училишта на подрачјето на Општината Битола**

Извештај за работата за 2015/2016 година
Програма за работа за 2016/2017 година
ПРЕДЛАГА: Основните – средните училишта
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни дејности
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- ЈОУ Детска градинка „Естреја Овадија Мара“ – Битола**

**- ЈОУ Детска градина „Мајски цвет“ – Битола**

Извештај за работата за 2015/2016 година
Програма за работа за 2016/2017 година
ПРЕДЛАГА: Детски градинки

РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни дејности и Комисија за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за финансиската поддршка на здруженијата на граѓани, социјална парична помош на граѓани и други трансфери од буџетот на Општината Битола за 2015 година.**
ПРЕДЛАГА: Сектор за правно-нормативни работи, општи и административни работи
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за финансиска поддршка на спортски здруженија, спортски клубови и спортските поединци од буџетот на Општината Битола за 2015 год.**
ПРЕДЛАГА: Сектор за јавни дејности
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за спорт и млади
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Информација за работата на Дневниот центар за деца на улица – улични деца**
**- Информација за семејно насилство**
ИЗРАБОТУВА: Центар за социјални работи - Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни дејности
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Информација за одржувањето и функционирањето на спомен обележјата, спомен куќите и други објекти важни за културно историското минато на градот Битола**
ИЗРАБОТУВА: Завод за заштита на културните споменици Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за подигање спомен обележја
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Информација за најчестите проблеми на потрошувачите, степенот на нивната заштита и проблеми при остварувањето на потрошувачките права**
ИЗРАБОТУВА: Организација на потрошувачите – Битола
РАЗГЛЕДУВА: Совет за заштита на потрошувачите
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Квартален извештај за извршувањето на буџетот на Општината Битола за третиот квартал 2016 година**
ИЗРАБОТУВА: Одделение за буџетска координација
ПРЕДЛАГА: Градоначалникот на Општината
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**<u>ОКТОМВРИ – НОЕМВРИ – ДЕКЕМВРИ - IV КВАРТАЛ</u>**

**- Програма за работа на Зоолошката градина Битола за 2017 година**
ИЗРАБОТУВА: Зоолошка градина Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни дејности
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Програма за работа на Старски дом „Сју Рајдер“ Битола за 2017 година**
ИЗРАБОТУВА: Старски дом „Сју Рајдер“ - Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни дејности
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- План за работата на ЈП „Комуналец” Битола за 2017 година**
**- Предлог финансова програма за јавните прометни површини за 2017 година**
**- Предлог финансова програма за јавна чистота за 2017 година**
ИЗРАБОТУВА: ЈП „Комуналец“ Битола.
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности.
Комисија за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- План за работата на ЈП „Нискоградба” во 2017 година**
ИЗРАБОТУВА: ЈП „Нискоградба” Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности
Комисија за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- План за работата на ЈП „Пазари” во 2017 година**
ИЗРАБОТУВА: ЈП „Пазари” Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности
Комисија за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на општината Битола

**- План за работата на ЈКП„Водовод" во 2017 година**
ИЗРАБОТУВА: ЈКП „Водовод" Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности
Комисија за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- План за работата на ЈП за стопанисување со Индустриската зона „Жабени" во 2017 година**
ИЗРАБОТУВА: ЈП за стопанисување со Индустриската зона „Жабени" Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности
Комисија за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Финансиски план и програма на ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг во 2017 година**
ИЗРАБОТУВА: ЈП за урбанистичко планирање,проектирање и инженеринг Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за урбанизам
Комисија за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Програма за уредување на градежното земјиште во 2017 година**
**- Програма за одржување, инсталации на локална патна мрежа и улици во Општината Битола за 2017 година**
ИЗРАБОТУВА: Одделение за јавни и комунални дејности при Општината Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни комунални дејности
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Програма за користење и одржување на уличното осветлување на Општината Битола за 2017 година**
ИЗРАБОТУВА: Одделение за јавни и комунални дејности при Општината Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Програма за изработка на урбанистички планови во Општината Битола во 2017 год.**
ИЗРАБОТУВА и
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за урбанизам и заштита на човековата средина
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Програма за работа на Одделението за економски развој во 2017 година**
ИЗРАБОТУВА: Одделение за економски развој при Општина Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за економски развој
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**Програма за управување со отпад на подрачјето на Општината Битола за 2017 год.**
ИЗРАБОТУВА и
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за урбанизам и заштита на човековата средина
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**Програма на Општинта Битола за финансирање на културата во 2017 год.**
ИЗРАБОТУВА: Сектор за јавни дејности
РАЗГЕЛДУВА: Комисија за Јавни дејности
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Програма за активностите во областа на спортот на подрачјето на Општината Битола за 2017 год.**
ИЗРАБОТУВА: Сектор за јавни дејности
РАЗГЕЛДУВА: Комисија за спорт и млади
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Програма за еднакви можности помеѓу мажите и жените за 2017 година**
ИЗРАБОТУВА:Сектор за јавни дејности при Општината Битола
РАЗГЛЕДУВА:Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените
УСВОЈУВА:Советот на Општината Битола

**- Извештај за работата на Совет на млади на Општината Битола за 2016 година**
ИЗРАБОТУВА: Претседател на Советот на млади на Општината Битола
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Програма за работа на Совет на млади на Општината Битола за 2017 година**
ИЗРАБОТУВА: Совет на млади на Општина Битола
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Информација за движењето на ХИВ сидата во Република Македонија со осврт и за Општината Битола**
ИЗРАБОТУВА: Центар за јавно здравје – Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Програма за одржување улиците во зимски услови во Општината Битола за 2016/2017 година**
ИЗРАБОТУВА: Одделение за јавни и комунални дејности при Општината Битола
РАЗГЛЕДУВА Комисија за јавни и комунални дејности
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

- **Квартален извештај за извршувањето на буџетот на Општината Битола за четвртиот квартал 2016 година**
ИЗРАБОТУВА: Одделение за буџетска координација
ПРЕДЛАГА: Градоначалникот на Општината
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Информација за работите што се однесуваат на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот и патиштата во 2016 година**
ИЗРАБОТУВА: Командир на полициска станица Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за безбедност
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за работата на Советот на Општината Битола во 2016 година**
ИЗРАБОТУВА: Претседател на Советот на Општината Битола
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Програма за работа на Советот на Општината Битола за 2017 година**
ИЗРАБОТУВА: Комисија за утврдување Предлог-програмата
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Буџет на Општината Битола за 2017 година**
**- Одлука за извршување на Буџетот на Општината Битола за 2017 година**
**- Буџетски календар за 2017 год.**
**- Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2017 год.**
ИЗРАБОТУВА: Одделение за буџетска координација
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за финансии и буџет
Комисија за вршење надзор над материјалното и финансиското работење
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**НОРМАТИВЕН ДЕЛ**

Нормативниот дел од Програмата за работа на Советот на Општината Битола ја регулира нормативната дејност на Советот во 2016 година, односно донесувањето на нормативните акти од негова страна и нивното усогласување со новите прописи што ќе бидат донесени во текот на 2016 година.

**ЗАВРШЕН ДЕЛ**

За извршување на Програмата се задолжуваат изготвувачите, предлагачите и сите останати учесници да се придржуваат на роковите утврдени во истата.

Во текот на 2016 година Советот на Општината Битола ќе ги разгледува и сите дополнителни прашања што ќе произлезат од тековното работење.

Програмата ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.09-520/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.12.2015 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

## С О Д Р Ж И Н А

БУЏЕТ на Општината Битола за 2016 година ........ 2

О Д Л У К А за извршување на Буџетот на Општината Битола за 2016 година ...................... 45

БУЏЕТСКИ календар за 2016 година ................. 49

ОДЛУКА за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2016 година ....................................................... 50

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Ценовникот за изведување на градежни и монтажни работи, Изготвен по Програмата на Општина Битола .................................................... 50

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештајот за работата на Советот на Општината Битола за 2015 година ........................................................... 51

П Р О Г Р А М А за работа на Советот на Општината Битола за 2016 година ...................... 51

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211